## ВОВЕД

Миграциите и мигрантите како појава не претставуваат нов феномен, ниту во општествената реалност на европско тло, ниту како феномен на истражување во општествените науки. Сепак, новите миграциски бранови кои поинтензивно се случуваат во последните две години како во Европа, така и во Република Македонија, неминовно придонесоа за потреба од нивно подетално разгледување и анализирање. За таа цел, овој број на Ревијата за социјална политика опфаќа трудови на тема – Миграција: предизвици, политики и перспективи.

Првиот текст *(Р. Бејан)* го анализира квотниот систем на Европската Унија за прераспределба на барателите на азил. Авторката во својата анализа говори за хоризонаталната и вертикалната еднаквост. Таа наведува дека пропорционалната поделба на обврските не е проследена со прогресивно приспособување кон капацитетите на поединечните држави. Авторката во текстот предлага низа на индикатори кои треба да бидат земени предвид (протокот на работници-мигранти, висината на минималните плати во државата, Индексот на човеков развој во државата како и Индексот на сиромаштија), со цел посодветно алоцирање и преземање на обврските од страна на државите кон мигрантите и бегалците.

## INTRODUCTION

Migration and migrants as a phenomenon are not new either in the social reality of Europe or in the scientific research.  Yet, the new migrant waves which have intensified in the last two years both in Europe and in the Republic of Macedonia, have contributed toward the need for a more in-depth assessment as well as research of this phenomenon.  For that purpose, this issue of the Journal of Social Policy includes papers on the topic of – Migration: challenges, policies and perspectives.

The first text (R. Bejan) analyses the relocation system of the European Union for asylum seekers. The author in her analysis focuses on horizontal and vertical equality. She outlines that the proportional distribution of responsibility is not accompanied with a progressive adjustment to match states' capabilities for relocation. The author suggests a number of indicators that should be taken into consideration (inflow of labour migration, minimum wage amounts, UN Human Development Index as well as the UN Human Poverty Index), for a more adequate allocation and undertaking of responsibilities toward migrants and refugees, from all states involved

The second paper (J. Pejkovski) provides factual review of migration trends and gives an outline of the eco-

Вториот текст (Ј. Пејковски) низ фактографски преглед на миграциските трендови, дава приказ на економските, социјалните и политичките промени кои се случуваат во Европа. Од аспект на социјалните промени, авторот упатува на предизвиците поврзани со третманот на децата без родители, родовата компонента на мигрираната популација, како и влијанијата врз обемот и издатоците на социјалните држави. Авторот дава свој придонес преку истакнување предлози во однос на мигрантските бранови, кои се однесуваат на развиените и помалку развиените држави. Авторот заклучува дека мигрантската криза мора да има колективен одговор, заснован врз духот на солидарноста и врз заедничка одговорност на државите.

Третиот текст (С. Димитријоска) ја разработува проблематиката на непридружуваните деца, како едни од главните ранливи категории во процесите на миграција. Авторката ги прикажува националните и меѓународните стандарди и протоколи за заштита и постапување со непридружуваните деца. Во согласност со најновите податоци, во трудот се наведува дека во Р. Македонија во 2015 година поминале вкупно 18089 деца кои патуваат без родител. Авторката истакнува предлози за подобрување на третманот на оваа ранлива категорија во РМ, преку воведување обврска за меѓународна обука на стручните лица кои работат со овие деца, усогласување на националните процедури со европските за признавање на азилот и статусот на бегалец, на-

nomic, social and political changes happening in Europe. Analysing the social changes, the author emphasizes the challenges related to treatment of children without parents, the gender component of migration, as well as pressures on the scope and expenditures of the welfare states. The author gives his contribution through recommendations related to migration, which concerns both developed and less developed countries. He concludes that the migrant crisis must have a collective response based on solidarity and shared responsibility.

The third paper (S. Dimitrijoska) explores the issue of unaccompanied minors, as one of the most vulnerable categories in the migration processes. The author portrays national and international standards and protocols for protection and work with unaccompanied minors. According to the data in this paper, in the Republic of Macedonia in 2015, around 18 089 children travelling without parent transited the country. The author provides suggestions for improvement of the treatment of this vulnerable category in the country, through introduction of the obligation for international training certificate for workers with this category, harmonization of national procedures with the European procedures for recognition of the status of asylum seekers and refugees, appointment of legal custodians for unaccompanied children for the purposes of providing basic services including medical care and education.

In the paper entitled Social policy models and macro social work practice

значување на посебно обучени старатели или законски застапници заради обезбдување основни услуги, вклучително рана медицинска грижа и образование.

Во текстот насловен Модели на социјална политика и макропрактика на социјална работа со имигрантско население, авторката (С. Борнарова) дава преглед на различните идеолошки перспективи, како и пристапите во социјалната работа и социјалната политика во однос на миграционо население и популации од различни етнички групи. Авторката упатува дека општествените ставови и идеологија на кои се засноваат социјалната работа и социјалната политика во одредена земја во голема мерка го определуваат третманот на имигрантското население и обемот на подреденост и дискриминација. Таа истакнува дека социјалните работници треба да имаат проактивна улога и да се придвижат од микрозастапување кон активности за влијание врз јавната политика на макрониво.

Последниот текст во Ревијата (А. Ацеска) го истражува феноменот на поимањето на концептот дом од страна на мигрантите-работници и го анализира неговото влијание врз урбаната политика. Преку повеќе длабински интервјуа на мигранти-работници од Македонија кои работат во Германија, прикажани се субјективните перцепции за домот. Резултатите упатуваат дека перцепциите за доживувањето на домот се поврзани со релацијата семеен жи-

with immigrant populations the author (S. Bornarova) gives an outline of different ideological perspectives, as well as social policy and social work approaches related to migrant population and ethnically diverse population. The author indicates that societal attitudes and ideology on which social policy and social work are based, to a large extent predetermine the treatment of the immigrant population, as well the scope of disadvantage and discrimination they face. She emphasizes that social workers should play a proactive role and move beyond micro advocacy efforts and effect public policy at the macro level.

The last paper in this issue (A. Aceska) explores the ways in which migrant professionals relate to the idea of "home" in their places of destination in a context of 21$^{st}$ century urban migration. Subjective perceptions about `home` are given through a number of in-depth interviews with migrant-workers from Macedonia who work in Germany. The results point to the relation between the subjective account of what home is and actual family life, community, and fulfilling professional life. The author suggests that analytical and policy framework of "migration" should not only reject the easy dichotomy between "at home" and "away from home", but also include the understanding that migrants are not "out of place" in their destination country.

The overall scope of papers in this issue provides the opportunity for a wider picture on migration trends and

вот – заедница – исполнет професионален живот. Врз основа на добиените сознанија, авторката упатува на преиспитување на дихотомија „дом“ и „далеку од дома“, и потреба од вклучување на перцепцијата дека мигрантите не се отуѓени во нивната земја на работење.

Севкупниот број на трудови поместени во оваа Ревија даваат можност за согледување на актуелните трендови и предизвици во доменот на миграциите, и оставаат простор за нивно понатамошно продлабочување преку дополнителни истражувања и анализи. Се надеваме дека, како и секогаш, и овој број на Ревијата ќе претставува мал придонес во академското третирање на специфичната проблематика и ќе предизвика подигнување на јавната свест за ефектите од истата.

Маја Геровска Митев
главен уредник на Ревијата
за социјална политика

challenges, and calls for more in-depth insights though research and analysis. We hope that this issue of the Journal of Social Policy presents a small contribution in the academic treatment of the migration topic and further raises the awareness about imminent outcomes and effects.

Maja Gerovska Mitev
Editor in chief